ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ,
по скратена постапка

Скопје, декември 2025 година

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 05. 12. 2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 6875/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Љупчо Пренџов
Бојан Стојаноски
Весна Бенџевска
Даниел Стојмевски
Павле Арсоски
Миле Џеков
Saranda Imeri
Mimoza Musa
Valbona Adili
Katrina Bejiri
Дафина Стојаноска
Антонијо Милошоски

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за административни службеници беше донесен во јули 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/2025). Во преодните и завршните одредби на Законот за административни службеници беше предвидено дека тој влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година, освен членовите 21 и 22 од одредбите од Глава III услови и класификација на работните места на административните службеници и Глава XII „Плати, надоместоци и додатоци на административните службеници“ кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Анализите укажуваат на тоа дека во рамките на јавниот сектор сè уште не се преземени сите нужни подготвителни дејствија, како одредбите од Главата III за условите и класификацијата на работните места на административни службеници и Глава XII за платите, надоместоците и додатоците на административните службеници да започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година. Оттука, со овие предложени измени се предвидува одложување на овие глави, така што и тие ќе започнат со примена од 1 јануари 2027 година.

Исклучок се само неколку одредби од Главата XII за платите, надоместоците и додатоците на административните службеници и тоа членовите кои се однесуваат на надоместоци и додатоци, кои е важно да започнат со примена од 1 февруари 2026 година бидејќи се важни за задржувањето на високо професионални административни службеници, што е дел од Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027 година.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Целта е да се обезбеди дополнителен период во кој јавниот сектор ќе се подготви за успешна примена на Законот за административни службеници од јули 2025 година. Овој Закон за изменување и дополнување на Законот на административни службеници е заснован на начелата на СИГМА за јавната администрација, конкретно начелото 4 – јавните политики да се подготвуваат врз основа на докази и анализи, следејќи јасни и конзистентни правила за подготовка на закон, а законите да се лесно достапни. Имено, следејќи ги доказите и анализите, утврдуваме дека не постојат реални капацитети соодветните одредби од Глава III и Глава XII од Законот за административни службеници да се спроведуваат успешно почнувајќи од 2026 година. Оттука, се предлага нивно дополнително одложување (со исклучок на неколку одредби за додатоци и надоместоци). Следствено, се предлага одложување на рокот за донесување на подзаконските акти бидејќи се потребни подготвителни активности за целосна операционализација на Законот и номотехничко доуредување.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон создава финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија преку додатоците на плата за задржување на административните службеници, кои секоја институцијата ќе може да ги обезбеди во рамките на своите буџети.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка, бидејќи не е во прашање сложен и обемен закон. Напротив, со овој закон се добива дополнителен временски период во кој јавниот сектор ќе може соодветно да се подготви да го применува Законот за административни службеници од 2025 година, во делот на платите и во делот на условите и класификацијата на звањата.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/25), во член 8 во ставот (4) зборовите: ,,и со колективните договори’’ се бришат.

Член 2

Во член 35 во ставот (1) зборовите: „членот 3,“ се заменуваат со зборовите: „членот 34“.

Во ставот (2) зборовите: „ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (3)“.

Член 3

Во член 79 во ставот (2) по зборот „прашања“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите: ,,Министерството за финансии’’ запирката се брише и се додаваат зборовите: ,,и Министерството за јавна администрација’’.

Член 4

Во член 97 во ставот (2) зборовите: ,,членот 21’’ се заменува со зборовите: „членот 22’’.

Член 5

Во членот 99 зборовите: ,,шест месеци’’ се заменуваат со зборовите: ,,12 месеци’’.

Член 6

Во член 100 во ставот (2) зборовите: ,,во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон’’ се заменуваат со зборовите: ,,најдоцна до 1 јануари 2027 година’’.

Член 7

Во членот 102 по зборот „административни“ се додава зборот „службеници“.

Член 8

Членот 104 се менува и гласи:

„Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година, освен одредбите од членот 78 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2026 година.“

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници содржи девет члена.

Со членот 1 се врши доуредување на одредбата од член 8 став (4) од Законот за административни службеници за примена на општите прописи за работните односи.

Со членот 2 се врши исправање на номотехничка грешка во членот 35 од Законот.

Со членот 3 се врши допрецизирање на одредбата од член 79 став (2) од Законот, односно се предлага поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата за ЕУ, ИПА структури и учесници во ИПА проекти и за начинот на утврдување на висината на додатокот, Владата на Република Северна Македонија да ги утврдува на предлог на Министерството за европски прашања, Министерството за финансии и Министерство за јавна администрација.

Со членот 4 во членот 97 став (2) од Законот се врши исправање на номотехничка грешка направена при повикување на член од Законот, односно наместо член 21 треба да стои член 22.

Со членовите 5 и 6 во преодните одредби на Законот, односно членовите 99 и 100 став (2), се врши одложување на рокот за донесувањето на подзаконските акти и за усогласување на актите за систематизација на работни места на институциите бидејќи се потребни подготвителни активности за целосна операционализација на Законот.

Со членот 7 се врши исправање на техничка грешка во членот 102 од Законот.

Со членот 8 се врши изменување на член 104 од Законот, со цел одложување на примената на Законот  за административни службеници за 1 јануари 2027 година, со исклучок на одредбите од членот 78, каде се уредени додатоци за задржување на административни службеници. Ова од причина што во рамките на јавниот сектор сѐ уште не се преземени сите нужни подготвителни дејствија, како одредбите од Главата III за условите и класификацијата на работните места на административни службеници и Глава XII за платите, надоместоците и додатоците на административните службеници да започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Со членот 9 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој Предлог на Закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на Закон ќе се овозможи јавниот сектор соодветно да се подготви за примена на Законот за административни службеници, односно ќе се избегне ризик одредбите за услови и класификација на звања, како и одредбите за плати, да треба да започнат да се применат, а институциите да не се подготвени за тоа на почетокот на 2026 година.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
КОИ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Примена на Законот

Член 8

(1) За државните службеници од членот 5 од овој закон се применуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и колективните договори за прашања за кои со овој закон се упатува на нив.

(2) За посебните државни службеници од членот 6 од овој закон, ќе се применуваат одредбите од Глава III - Услови и класификација на работните места на административните службеници, и Глава V - Вработување на административните службеници од овој закон, а за сите останати прашања ќе се применуваат одредбите од овој закон, доколку не се уредени со посебните закони и со колективните договори.

(3) За јавните службеници од членот 7 од овој закон, ќе се применуваат одредбите од Глава III. Услови и класификација на работните места на административните службеници од овој закон, а за сите останати прашања ќе се применуваат одредбите од овој закон, доколку не се уредени со посебните закони и со колективните договори.

(4) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, а кои не се уредени со овој закон, со Законот за вработени во јавниот сектор или со посебните закони и со колективните договори, се применуваат општите прописи за работните односи.

Одлука за избор за вработување на административен службеник

Член 35

(1) Секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар која вработува во рок од три дена од денот на добивањето на предлог одлуката од членот 3, ставовите (1) или (2) од овој закон, донесува одлука за избор за вработување или одлука за невршење на избор за вработување.

(2) Доколку е донесена одлука за невршење на избор за вработување според предлогот од членот 34 ставот (2) од овој закон, постапката може да се повтори во рок од три месеци од денот на донесувањето на одлуката.

(3) Одлуката за избор, односно одлуката за невршење на избор за вработување се доставува до сите кандидати и се објавува на веб-страницата и огласната табла на институцијата и на Агенцијата.

(4) Против одлуката за избор за вработување, односно одлуката за невршење на избор за вработување незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба, до второстепен орган во рок

од осум дена од денот кога одлуката е објавена на веб- страниците на институцијата и на Агенцијата за администрација.

(5) Второстепен орган кој одлучува по жалби на државните службеници вработени во органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа е Агенцијата за администрација, а за останатите државни и јавни службеници е Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(6) Жалбата го одлага извршувањето се до донесување на конечна одлука по жалбата.

(7) Против одлуката од второстепениот орган може да се поведе спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Додаток на плата за ЕУ, ИПА структури и учесници во ИПА проекти

Член 79

(1) Административниот службеник има право на додаток на плата од 15% до 30% од износот на основната плата, во следниве случаи:

- извршување на работи и работни задачи на проверка и оценка на усогласеноста со правото на Европската Унија,

- работи и работни задачи во структурата за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европска унија,

- извршување на работи и работни задачи во структурите за управување со инструментот за претпристапна помош (ИПА).

(2) Поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот од ставот (1) на овој член, на предлог на Министерството за европски прашања и Министерството за финансии, ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Распоредување на службеници од Категорија Г

Член 97

(1) Административните службеници кои до денот на започнување со примена на одредбите од овој закон се распоредени на ниво Г3 (референт) и Г4 (помлад референт) утврдени со Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) се распоредуваат на ниво Г2 референт утврдено со членот 22 од овој закон.

(2) Административните службеници кои до денот на започнување со примена на одредбите од овој закон се распоредени на ниво Г2 (виш референт) утврдено со Законот за административни

службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18, 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 4/20, 215/21, 99/22 и 208/24) се распоредуваат на ниво Г1 самостоен референт утврдено со членот 21 од овој закон.

Донесување на подзаконски акти

Член 99

Подзаконските акти за спроведување на овој закон, ќе се донесат најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во силна на овој закон.

Усогласување на акти за систематизација на работни места

Член 100

(1) Актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места на Агенцијата за администрација согласно со овој закон ќе ги донесе министерот на предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна во рок од дванаесет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Актите за систематизација на работни места на институциите ќе се усогласат со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Започнати постапки

Член 102

Постапките за вработување и унапредување на административните службеници, дисциплинските постапки и постапките за оценување, како и жалбените постапки кои не се завршени до денот на започнување со примената на овој закон ќе продолжат според одредбите од Законот за административни („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24).

Член 104

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година, освен членовите 21 и 22 од одредбите од Глава III услови и класификација на работните места на административните службеници и Глава XII „Плати, надоместоци и додатоци на плати на административните службеници" од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.